Врз основа на член 39-ж став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010 ,171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013) и 44 став (3), 60 став (3), 66 став (3) и 72 став (3) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седница донесе

**Правилник**
**за начинот и постапката за давање на одобренија на измените на документите поднесени при лиценцирање**
(пречистен текст)
(„Службен весник на Република Македонија"бр.175/2013 и 32/2018)

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат начинот и постапката според кои Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) издава одобренија на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво) на измените на документите поднесени во постапката на лиценцирање и тоа:

а) измена и/или дополнување на статутот на пензиското друштво;

б) измена и/или дополнување на статутот на задолжителниот и на доброволниот пензиски фонд (во натамошниот текст: пензиски фонд);

в) измена и/или дополнување на договорот со чувар на имот како и склучување на нов договор со чувар на имот и

г) именување на раководно лице или друго лице кое се предлага да биде одговорно за инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања.

**Член 2**

Заради добивање на одобрение за измена и/или дополнување на статутот на пензиското друштво, пензиското друштво до Агенцијата ги доставува следните документи:

а) барање за добивање на одобрение за измена и/или дополнување на статутот на пензиското друштво;

б) одлука од надлежен орган на пензиското друштво за измена и/или дополнување на статутот на пензиското друштво со предлог - текст на

измената и/или дополнувањето, која ќе стапи на сила по издавањето на одобрение од страна на Агенцијата;
в) образложение за причините за измените и/или дополнувањата на статутот на пензиското друштво и
г) пречистен текст на статутот на пензиското друштво.

**Член 3**

Заради добивање на одобрение за измена и/или дополнување на статутот на пензискиот фонд, пензиското друштво до Агенцијата ги доставува следните документи:
а) барање за добивање на одобрение за измена и/или дополнување на статутот на пензискиот фонд;
б) одлука од надлежен орган на пензиското друштво за измена и/или дополнување на статутот на пензискиот фонд со предлог - текст на измената и/или дополнувањето, која ќе стапи на сила по издавањето на одобрение од страна на Агенцијата;
в) образложение за причините за измените и/или дополнувањата на статутот на пензискиот фонд и
г) пречистен текст на статутот на пензискиот фонд.

**Член 4**

Заради добивање на одобрение за измена и/или дополнување на договорот со чувар на имот како и за склучување на нов договор со чувар на имот, пензиското друштво до Агенцијата доставува:
а) барање за добивање одобрение за измена и/или дополнување на договорот со чувар на имот или барање за добивање одобрение за склучување на нов договор со чувар на имот ;
б) доколку се врши измена и/или дополнување на договорот со чуварот на имот пензиското друштво доставува:
- анекс на договорот со чувар на имот и
- образложение за причините за измена и/или дополнување на договор со чуварот на имот;
в) доколку пензиското друштво склучува нов договор со чуварот на имот доставува:
- нацрт договор со чувар на имот;
- дополнителни информации за чуварот на имот содржани во Образец Бр.12 од Правилникот за лиценцирање на пензиските друштва;
- образложение за причините за склучување на нов договор со чуварот на имот и план со временски рокови и активности за промена на чуварот на имот;
- ревидирани финансиски извештаи за последните три години од надворешен овластен ревизор согласно Правилникот за поблиските услови за основање на пензиски друштва;

- акт за внатрешната структура на чуварот на имот од кој е видливо дека е основан сектор/оддел задолжен за извршување на функцијата чувар на имот;
- приказ на организациска структура на одделот/секторот за чување на имот и
- краток опис на информатичкот систем на чуварот на имот.

**Член 5**

Заради добивање на одобрение за именување на раководно лице или друго лице кое се предлага да биде одговорно за инвестиционите одлуки, управување со ризици, внатрешна ревизија, индивидуални сметки, маркетинг, контрола на агенти и пресметка на програмирани повлекувања пензиското друштво до Агенцијата доставува:

а) Барање за добивање на одобрение за именување;
б) Одлука од надлежен орган на пензиското друштво за именување;
в) Фотокопија од документ за лична идентификација;
г) Кратка биографија;
д) Заверен препис на дипломи за образование. Доколку образованието е стекнато во странство, дипломата треба да е призната како високо образовна квалификација стекната во странство од надлежен орган во Република Македонија;
ѓ) Доказ за претходно професионално искуство;
е) Препораки за квалитетот на професионалниот ангажман во пропишаните области, од најмалку две лица кои не се на раководна позиција во пензиското друштво;
ж) Изјава со која лицето е согласно да биде определено, да ги исполни сите услови пропишани со закон и да го извести Управниот одбор на друштвото доколку биде поставено на функција или извршува активност која претставува конфликт на интерес и е забранета со закон, заради одземање на неговите овластувања и одговорности;
з) За овластен актуар- дозвола за работа како овластен актуар од Агенцијата за супервизија на осигурување и
ѕ) За одговорно лице за управување со ризици-доказ за соодветни обуки за извршување на активности поврзани со управување со ризици.

Заради издавање на одобрението од став 1 на овој член, Советот на експерти на Агенцијата може да спроведе интервју со предложеното лице, преку кое ќе ги оцени неговите познавања од областа за која треба да се именува.

**Член 6**

Барањата и документацијата од член 2, 3, 4 и 5 став (1) на овој правилник се поднесуваат потпишани од овластените потписници на пензиските друштва, во оригинал или заверен препис на македонски јазик.

Доколку документите не се на македонски јазик се доставуваат во нивниот оригинал и со заверен превод на македонски јазик од постојан судски преведувач во Република Македонија.

**Член 7**

Агенцијата одлучува за барањата од член 2, 3, 4 и 5 став (1) на овој правилник за период од 60 дена од датумот на приемот на целокупната документација.

Доколку документацијата е непотполна или неуредна, Агенцијата определува дополнителен рок во кој е потребно да се достави документацијата.

Доколку пензиското друштво не ја дополни документацијата или не ги отстрани недостатоците во предвидениот рок, се смета дека се откажало од барањето, а Агенцијата донесува заклучок со кој се запира поведената постапка.

Агенцијата може да побара пензиското друштво да достави дополнителна документација во рокови кои ќе ги определи, за потребите на издавање на одобрението.

**Член 8**

Врз основа на оцената за исполнувањето на условите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и од овој правилник Советот на експерти на Агенцијата донесува решение за издавање одобрение, решение за одбивање на барањето или заклучок за запирање на постапката

Против решението може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд.

**Член 9**

Пензиското друштво доставува до Агенцијата заверена копија од решението на Централниот регистар на Република Македонија за извршениот упис на промената од член 2 од овој правилник, во рок од 10 дена од извршениот упис.

Член 9-а

Документите од член 5 од овој правилник кои содржат лични податоци, Агенцијата ги уништува во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението од член 8 од овој правилник .

**Член 10**

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за давање на одобренија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/2011 од 07.04.2011)

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Член 12**

(член 2 **од** Службен весник на Република Македонија 32/2018)

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Претседател на Совет на експерти

д-р Булент Дервиши с.р